Платена поштарина
МК-1000 Скопје

JUB

# Магазин

## Спектар на новости



- **Jupol 45 години** Трговска марка на пазарот
- Нова интернет страна **www.jub.com.mk**
- Проект **Зголемување на енергетска ефикасност**
- JUB Инспирира **Уредување на мал стан**
- JUB Приказна **Гипс Имобилиа Дизајн**

Since Од година 1875

Година VII
Број 13
Октомври 2014
JUB д.о.о.е.л Скопје

Вашата куќа заслужува најмодерна облека.

JUBIZOL

# *JUBIZOL Comfort*

## Вистински избор за купувачите со посебни барања

Наменет е пред сé за објекти со повисок стандард на живеење. Системот овозможува избор на најголем број на нијанси - од модерните интензивни жолти, портокалови и црвени нијанси на Unixil superior, кои се одликуваат со исклучителна UV-постојаност, до потемни нијанси на бои од Unixil cool со Y < 25, кои ги одликува до 25% помало ниво на загревање, поради пониското ниво на апсорпција на инфрацрвениот дел од светлосниот спектар. Со Superior и Cool нијансите обезбедуваме највисока постојаност на интензивните нијанси. Со употреба на микроармиран основен малтер дури и при минимални дебелини, се овозможува соодветната цврстина и посакуваната сигурност при изборот на потемни завршни малтери, или при посложени временски услови.

Особини:

- голем избор на нијанси на завршниот малтер;
- најмала можна дебелина на основниот малтер (3mm);
- можност за избор на измазнета фасадна површина со различна гранулација;
- потполно задржување на фукционалните особини и естетескиот изглед на топлинскоизолациониот систем JUBIZOL се постигнува со препорачаното обновувачко боење.





Употреба:

- за сите видови ѕидни подлоги;
- за модерна урбана околина со фасадна архитектура, во модерни интензивни и темни нијанси;
- за фасадни површини кои се заштитени од врнежи барем со минимални стреи;
- за посложени експлоатациски услови, при употреба на завршни малтери во модерни интензивни и темни нијанси, за просечни односно помалку сложени експлоатациски услови;
- за топлинска заштита на нови и топлинска санација на постоечки непроблематични станбени, деловни и други објекти, со висина до 22m.

| Состав: | | Потрошувачка: |
|---|---|---|
| изолациска облога | JUBIZOL EPS F - W2 (бел со дупки) | 1 m/m$^2$ |
| лепило | EPS Lepilna malta | 3,5 - 5 kg/m$^2$ |
| основен малтер | EPS Lepilna malta | 4,5 kg/m$^2$ |
| армирање | JUBIZOL фасадна мрежичка 160 g/m$^2$ | 1,1 m/m$^2$ |
| основен премаз | Unigrund | 120 - 200 g/m$^2$ |
| завршна обработка | Unixil G 1,0; 1,5; 2,0 mm | 2,0; 2,5; 3,1 kg/m$^2$ |

# Вовед

Дали бројот 13 ви е негативен или баксуз број? За нас бројот 13 е број на промени, од овој број ќе имате комплетно нов изглед на нашиот JUB Магазин. За почеток го претставуваме системот Jubizol Comfort, во продолжение следи текст за почетокот и развитокот на компанијата JUB, како и за водечкиот производ Jupol. Дека ние во JUB, секогаш сме во чекор со интернет трендовите ќе прочитате во следната рубрика, каде ви ја претсавиваме нашата нова интернет страна која е многу подостапна за интернет корисниците и поразиграна во однос на бои и завршен изглед кои пак се наша најголема мотивација во изведбата на објекти. Дека сме присутни на сите промоции ви доловуваме во следната рубрика, каде сме присутни и на проектот за Зголемување на Енергетската Ефикасност, кој се одржа во Охрид. Како и во минатите броеви, така и во овој број ве повикуваме да се пријавите и да учествувате на нашите презентации како за изведувачи, така и за инвеститори, архитекти и проектанти. Со понатамошно читање на овој број на JUB Магазин, ќе се информирате за тоа како се употребуваат златната и тиркизната боја во домот. За овој број на JUB Магазин ви ја претставуваме инспирацијата на нашиот соработник Гипс Имобилија Дизајн, кој со својот тим успешно делува како во Скопје, така и во поширокиот простор во Македонија. Дали можете да бидете сами свои архитекти, дали сте доволно храбри... прочитајте како нашиот инвеститор од Прилеп се охрабрил и го уредил својот дом со помош на модерниот минималистички стил на уредување. Секако ви претставуваме дел од нашите многу референтни објекти ширум Македонија, и уште еднаш ве потсетуваме дека можете да ја користите нашата бесплатна алатка Jub Design Studio.

Уживајте, до следниот број на JUB Магазин, каде ќе има други новости со кои ќе го задржиме и понатаму вашето внимание.



Издава: JUB доoел - Скопје
Адреса: бул. Јане Сандански бр.79а-3
Телефон: 02/ 2454-027
E-mail: jubmagazin@jub.com.mk

Автори: Катерина Бошкова, Кузман Стефановски, Горан Анѓелковски, Кирил Бошков.
Уредник: Катерина Бошкова
Редакциски одбор: JUB дооел - Скопје
Припрема и печати: Макстен графика - Скопје
Тираж: 3.000 примероци

# *Jupol 45 години*

# Трговска марка на пазарот

**Претпријатието JUB е најстар производител на ѕидни бои во Словенија. Неговата историја се протега до далечната 1875 година, кога започна настанувањето на ѕидни премази од мелена и пигментирана глина, а подоцна пак, производите кои технолошки му одговараа на развојот на оваа стопанска гранка.**



JUB, кој е денеска успешна мултинационална компанија, името го добил од кратенката „Jugoslovenska industrija ulja i boja", кое настана во 1919 година и преку одржувањето на традицијата и историските вредности во името на корпоративната трговска марка, го заслужува целото почитување.

JUB на пазарот е препознатлив по своите внатрешни ѕидни бои, помеѓу кои најуспешна стана JUPOL, бела дисперзивна боја, која што купувачите ја преферираат веќе 45 години. Бојата JUPOL денес ја купуваат седум од десет купувачи, а со неа годишно пребојуваме повеќе од 200 милиони квадратни метри ѕидни површини. Досега JUB дома и во странство, а особено на европските пазари, има продадено повеќе од 900 илјади тони од оваа боја, што е еднакво на 37 милиони канти од 15 Литри. Во изминатите 45 години е произведено толку JUPOL, што би можело да се пребојат околу 20 милиони двособни станови. Доколку целата оваа боја би ја наредиле во камиони, колоната од камиони би била долга од Љубљана до Рим!

JUPOL Classic е боја која не е штетна по здравјето и околината, направена на водена база и е едноставна за употреба и одржување.

Во 45 годишниот развој, последното подобрување со нова формула JUPOL Classic го доживеа во 2013 година, при што со својата ефикасност отсега на корисниците им овозможува боење на 20 проценти повеќе ѕидни површини.





Бојата JUPOL е создадена во 1969 година. Оваа подготвена дисперзивна боја, денес е најмоќната трговска марка на JUB, која што JUB постојано ја прилагодува на потребите на купувачите, како со постојаното подобрување на рецептурата, така и со развојот на амбалажата.

Последните седум години оваа боја е и добитник на признанието „ Trusted brand", што докажува дека ужива најголема доверба кај купувачите, а исто така го носи и печатот „Производ на 2014 година", како и „Best Buy Award 2013/2014".

JUPOL Classic во Февруари 2014 година го доби печатот „Производ на 2014 година", како најиновативен производ во категоријата на внатрешни sидни бои. Оваа награда му ја доделија словенските потрошувачи, кои преку испитување на јавното мислење, го препознаа како најдобар производ на домашниот пазар.

Врз основа на искуствата и задоволството на проектантите, инвеститорите и вработените во градежната и архитектонската струка, преку швајцарското истражување JUB го доби признанието „ Best Buy Award 2013/2014".

Трговската марка JUPOL, во категоријата бои за домот е највредна трговска марка со најмногу доверба. Така одлучија словенските потрошувачи, кои помеѓу читателите на ревијата Reader's Digest, во едно од најголемите истражувања на потрошувачите во Европа, веќе седма година по ред му го доделуваат престижното признание Trusted Brand 2014.

Симболот на довербата им станува важен водич на сите потрошувачи, кои за три пати повеќе посегнуваат по производите со ваква ознака.



**Почетоците и развојот на трговската марка JUPOL**

Фабриката JUB, која низ децениите успешно се прилагодуваше на технолошките промени, почетоците на побрзиот подем особено ги забележа во шеесеттите години на минатиот век. По успехот на Juboflor, во 1969 година JUB на пазарот му ја претстави подготвената дисперзивна боја JUPOL, која настана со комбинирање на својствата на Jubocolor и Juboflor*.

Од таму и името JUPOL –пола (pol ) од бојата Jubocolor и пола (pol ) од бојата Juboflor, JU(B)POL. Поради тоа, молерите особено, ја нарекуваат полудисперзивна боја.

Нејзина прва амбалажа беа салонитни садови, а подоцна во 1972 година, нив ги заменија пластични канти, на словенски наречени "hoboki".



Juboflor (1960-1982) беше направен врз база на целулозни згуснувачи како врзива кои го заменија лепилото и премазите на база на лепило, кои во тогаш поразвиената Европа веќе почна да ги истиснува врзивната дисперзивна боја. Своето име во 1960 година го доби според својот автор Florjan Regovec (JUB + FLOR-jan). Се продаваше во сува состојба, а содржеше минерални врзива како што се калцит и каолин. Неговата предност беше тоа што тој беше веќе нијансиран и лесно беше да се нанесе на ѕидот, по негово накиснување во вода од околу 12 часа, обично еден ден пред употребата. Нанесувањето беше можно со молерски валјак. Бојата можеше да се купи во пластични вреќички од по 1 килограм. Така молерот веќе не беше неопходно потребен и со тоа започна ерата на "направи сам".
Juboflor многу го забрза развојот на тогашната фабрика JUB, која со него стана позната по цела Словенија и Југославија, а својот врв го достигна во 1976 година со производство од 4.600 тони годишно. Трговската марка Juboflor во 1982 година ја превзема Cinkarna Celje, која го снабдуваше JUB со бел пигмент, со што се овозможи извонреден успех на дисперзивните бои на пазарот, на чело со бојата JUPOL.
Jubocolor, дисперзивна боја, по 1961 година беше првиот производ на JUB врз база на модерно дисперзивно врзиво, а JUPOL Gold е денес негов наследник.

Со бојата JUPOL почнува стрмниот подем и развој на фабриката JUB иJUPOL е и денес најважниот производ на JUB. Околу 70% од бојата JUPOL, JUB ја извезува во повеќе од 15 европски држави, каде што со својата трговска марка успешно се натпреварува со познатите и моќни европски конкуренти. Производството на бојата JUPOL се одвива во погонот во Дол и во производното претпријатие во Шимановци, Србија, на веќе третата генерација на производна опрема.

**Florjan Regovec-таткото на трговската марка JUPOL**

Авторот на и денес водечката трговска марка JUPOL, која почна да се воведува 1975 година, беше тогашниот технички директор на фабриката JUB, Florjan Regovec, кој како хемиски техничар се вработил во JUB уште 1955 година.
Florjan Regovec во 1971 година стана и директор на JUB.
Во 1972 година JUB веќе го доби и првиот оддел за развој во рамките на техничкиот сектор и во него беа вработени развоен инженер и техничар.
Една година подоцна во него се вработи и хемискиот инженер Franc Bernad, кој за пет години го превзема раководењето на одделот и учествуваше во развојот на рецептурите на бојата JUPOL во следните три децении.




Архива на записи од развојната и апликативната област во тоа време во JUB скоро и да немаше. Во развојниот оддел постоеја два документа од областа на ацетатните и акрилните производи. На Regovec треба да му се припишат заслугите за два производа, кои на пазарот постигнаа голем комерцијален успех–внатрешната ѕидна боја JUPOL и прсканиот фасаден малтер JUBOLIT.
Во 1972 година, со изградбата на реакторот за полимеризација, Florjan Regovec се погрижи JUB во соработка со други претпријатија,



помеѓу останатото, да има и сопствена полимеризација на врзива за дисперзивни премази на водена база, што влијаеше на развојот на марката JUPOL, а воедно беше основа за развој и на фасадни и подни акрилни премази.
Во 1975 година, со 200 вработени, JUB годишно продаваше 11.000 тони сопствени производи. Во тоа време, во одделот за развој беа развиени DIPI пигментите, кои во 1981 година беа усовршени.
Florjan Regovec до 1979 бдееше над развојот на производите и воведуваше новитети во производството, при што имаше слух за искуствата на молерите и фасадерите и ги почитуваше нивните предлози и идеи. Затоа, покрај неговото име и покрај името на марката JUPOL се појавуваат и презимето на молерот Naglič и директорот Vojnik, кои во тоа време раководеа со претпријатието Slikar Maribor, а при развојот на други производи пак се појавуваат презимиња и на други надворешни соработници како што се: Brunner, Satler, Kržan и професорот Vizovišek.









**Со доаѓањето на Štefan Hoyer почнуваат да се градат темелите на денешното успешно меѓународно претпријатие JUB**

Во 1976 година тогашниот комерцијален директор Izidor Furlan го зајакна продажниот оддел со нови соработници. Работното место раководител на продажба го превзема економистот Štefan Hoyer, кој речиси целиот свој работен век му го посвети на JUB. Во 1977 година стана директор на комерцијалниот сектор, кој го водеше се до 1982 година, а потоа го превзема целосното раководење со JUB, како генерален директор.
Брзото ширење на асортиманот од премази и пазарниот успех на бојата JUPOL по 1975 година, беа причина за големиот развоен чекор на JUB, кој во 1979 година изгради нов и модерен погон за производство на дисперзивни премази на нова локација, во новата индустриска зона во Дол, што овозможи натамошно ширење на зоната во наредните години, константна модернизација на производството и изградба на нови објекти за производство и складирање.
Од 1980 до 1990 следеше период на ограничување на увозот на суровини и недостаток од постројки и опрема, што во голема мерка го попречуваше стопанскиот развој на сите стопански гранки, бидејќи можеше да се увезува само со сопствени девизни средства. Во тоа време во JUB настанаа Marmorin и внатрешниот премаз Belol, кои JUB ги продава и денес, а новина во продажбата беа и био варовите внатрешни и фасадни бои.

**JUPOL по 1996 година бележи раст на продажбата и покрај загубата на Југословенските пазари.**

Со либерализацијата на увозот во деведесеттите години, JUB го интензивираше развојот на прашкастиот програм, при што настанаа многу нови производи, меѓу кои и силикатната фасадна боја, која ја разви Franc Bernad за фасадата на Љубљанската Францисканска црква. Како одговор на „ DIVO", настанаа и концентратите Revitalcolor AG, JUPOL Concentrat, а поради увезените калцитни полнила, многу тестирања се правеа и на JUPOL. Исто така JUB почна да увезува и лабораториска опрема, меѓу која ги издвојуваме: климатските комори, колориметриска опрема и разна аналитичка опрема. И покрај загубата на пазарите на Југославија, која во 1992 година предизвика пад на продажбата за 55%, добрите деловни потези на раководството, со Štefan Hoyer на чело, во наредните години ја извлекоа фабриката од кризата.
По распадот на Југославија и новиот Закон за приватизација, JUB во 1994 година стана првото регистрирано акционерско друштво во Словенија. JUB доби нова Управа и својот прв Надзорен одбор. Производството и продажбата почнаа нагло да растат. Во 1996 година JUB веќе ги постигна најголемите продадени количини од времето пред распадот на Југославија и до денес многукратно ги надмина.



Периодот од 1996 до2007 година го одбележа успешниот развој на производи, кои на странските пазари веќе ги имаше конкуренцијата. Така JUB започна со производство на производи за топлинска изолација, маси за фугирање, основни и завршни малтери, лепила, хидоизолациски премази, како и премази за дрво и метал. Дополнувања доживеа и DIPI koncentrat, а се развија и целосна фамилија на бои под името JUPOL и тоа Citro, Gold, Brilliant, Special, Trend и Junior, а основниот стар JUPOL пак доби назив JUPOL Classic.

Кадровски JUB го зајакна и развојниот сектор, кој денес во рамки на JUB TRC вработува 37 врвни стручњаци. Негови главни задачи се развој на производите и технологијата за завршните слоеви во градежништвото, како и оспособување и едукација на кадри, како за потребите на Групацијата JUB, така и за надворешни партнери. Со сертификатите кои ги добива за производството на своите производи и со признанијата за нивниот квалитет, JUB со текот на времето се повеќе го зацврстува својот углед и положбата на пазарот.
JUB TRC: На16. Април 2010 година, JUB ја одбележа 135-та годишнина од своето постоење, со свечено отворањена новиот Технолошко истражувачки центар(Tehnološko raziskovalni centar - TRC), кој важи за еден од најмодерните во Европа.

На функцијата Претседател на Управата Štefan Hoyer остана се до неговото пензионирање на крајот на 2012 година. На крајот на својата богата и успешна карира, на 15. Бизнис конференција во Порторож, ја доби престижната награда на списанието „Finance" за исклучителните достигања.
Така, по три децении, 2013та година ја донесе промената на лидерството во JUB, кога дотогашната Управа ги замени своите управувачки функции со надзорни. Štefan Hoyer сега ја обавува функцијата Претседател на Надзорниот Одбор на претпријатието JUB-H d.d., а местото претседател на Управата пак, го превзема Sašo Kokalj, кој го продолжува делото на својот претходник.

## 45 години на бојата JUPOL Classic и фамилијата JUPOL

JUPOL Classic е внатрешна ѕидна боја, во која што потрошувачите имаат доверба веќе 45 години. Таа е една од најпрепознатливите трговски марки, како во Словенија, така и на останатите пазари: хрватскиот, српскиот, босанскиот и македонскиот. Направена е на водена база, па затоа и не е штетна по здравјето и околината, а истовремено е и едноставна за употреба и одржување. Уште од почетокот JUB го прилагодува JUPOL Classic на потребите на своите купувачи, како со постојаното подобрување на рецептурата, така и со развојот на амбалажата.
Денес, фамилијата JUPOL покрај JUPOL Classic-от ги вклучува уште и JUPOL Gold New Generation со нова формула, кој JUB на пазарот му го претстави годинава и може да се нијансира во повеќе од 10.000 нијанси; JUPOL Junior, кој од 2011 година се гордее со сертификатот за животна средина, на располагање е во шест нијансикои нудат палета на најпопуларни нијанси за детски соби, кои по потреба можат да се дополнат со нијансите на бојата JUPOL Trend, на кој годинава му се додадени уште шест нови пастелни нијанси. Заради задоволување на посебните желби и потреби на корисниците, JUB ги разви уште и: високо покривната боја JUPOL Brilliant, бојата за блокирање на дамки JUPOL Block како и JUPOL Citro - за заштита на ѕидовите од алги и мувла. Врвната боја JUPOL Strong е наменета за боење на оние ѕидни површини кои се многу изложени на механички оштетувања и на дамки.





### 139 години на претпријатието JUB

Денес JUB е модерна фабрика и позната меѓународна компанија со свои моќни трговски марки, од кои околу 75 % ги продава во странство. Со развој на свои нови производи и услуги, кои не се штетни по здравјето и околината, се стреми кон енергетски штедливи и трајни решенија во градежништвото.

Вработува повеќе од 500 вработени и има 13 зависни претпријатија во 10 држави, кои се 100 % сопственост на матичната фирма и делуваат на повеќе од 25 пазари, а во две држави има три производни погони. Се гордее со високата технологија и продуктивност, како и над просечна профитабилност. Грижата за екологијата и околината во индустриските зони, му овозможува долгорочен развој со современи средства за производство, со способни кадри и сертификати за квалитет ISO 9001,ISO 1400 и OHSAS 18001.

Покрај наградата „Зелена мисија", JUB неодамна ја доби и наградата „Еколошко претпријатие", со што ја покажува својата висока свест за околината при намалувањето на загадувањето на воздухот, водата и почвата. JUB е опремен со пречистителна опрема, го контролира управувањето со отпад и се грижи за безбедна и здрава работна и животна средина. При тоа, соработува со локалната заедница, а својата општествена одговорност и еколошката улога ја искажува со поддршка на бројни хуманитарни проекти, во кои посебно се вбројуваат градинките, училиштата и болниците, како и еколошки, спортски и културни проекти.



# *Нова интернет страна*
# www.jub.com.mk

Следејќи ги модните трендови на интернет, ние во JUB инвестиравме во нова интренет страна која е подостапна и попрегледна за сите корисници. JUB Македонија е меѓу првите која оваа страна ја адаптираше на својот мајчин јазик. Во овој број на JUB Магазин, накратко ќе ви ја презентираме истата.




На самиот почеток е првата информативна слика од каде може да се стигне до сите информации. ЗА КОМПАНИЈАТА се сите подетални информации за JUB во Македонија, Словенија и пошироко во Европа. Во делот на КОНТАКТИ можете да ги добиете сите потребни контакати во JUB Скопје. Целата техничка документација на едно место можете да ја најдете во СИТЕ ПРОИЗВОДИ, а пак нашата целосна тон карта заедно со трендовските бои за 2014 година се наоѓаат во полето ТОН КАРТА.








На самиот почеток се наоѓаат и брзите линкови до JUB Design Studio, Системските решенија за изолација на фасади, Декоративните техники, сите претходни и новиот број на JUB Магазин, Хидроизолација во бањи и санитари простории, како и галерија на слики од Референтните објекти на кои посебно се гордееме. Во продолжение се брзите линкови до фасадните системи кои се по ваша мерка и желба.

Секако и како најбрзо да стигнете до вашата најблиска специјализина продавница, кои се центри за JUMIX или JUBIZOL. Со само едно кликнување на сите продажни места ќе се најдете на МАПА НА ЛОКАЦИИ каде подетално според место на живеење или дејствување ќе ја одредите најбиската продавница.





Во зависност од тоа дали сте САМ СВОЈ МАЈСТОР или пак ПРОФЕСИОНАЛЕЦ, тука се брзите линкови со одговори на вашите прашања и дилеми. За сите оние кои сами го уредуваат домот на помош се сите системски решенија за секој дел од домот, внатрешни ѕидови, дрвени, метални и бетонски површини, како и фасади и хидроизолација. А пак за професионалците, нашата помош ја нудиме зависно од тоа дали сте фасадер, керамичар, трговец, архитект или проектант или пак молер.



Во полето ВНАТРЕШНИ БОИ И ДЕКОРАТИВА, ќе ги пронајдете сите потребни производи за внатрешно уредување и тоа од основни премази до внатреши бои за проблематични површини, како и СИСТЕМСКИ РЕШЕНИЈА од обично пребојување до решавање на внатрешни ѕидни површини кои се влажни или проблематични.




Секако дека не сме ги заборавиле и декоративните техники, како и трендовските бои за 2014 година и неколку совети околу теоријата на боите.




Во полето ФАСАДНИ СИСТЕМИ И ЕНЕРГЕТСКИ РЕШЕНИЈА се наоѓаат сите производи за правилна изработка на термоизолациона фасада, ќе ги најдете нашите 5 видиви на JUBIZOL фасадите и нивните компоненти, ќе најдете зошто да одберете JUBIZOL фасада, ќе ги пронајдете и четирите системски решенија за поправка, одржување и доизолирање на фасадата. За професионалните корисници ви ја нудиме и алатката JUBIZOL ENGENEERING, каде можете да направите проценка на заштеда енергијата зависно од тоа кој вид на JUBIZOL фасада ќе вградите или кои сé елементи ќе ги употребите при изработка на термоизолационата фасада.









Понатаму следат ЗАШТИТА ЗА ДРВО И МЕТАЛ, ХИДРОИЗОЛАЦИЈА И ВГРАДУВАЊЕ НА КЕРАМИЧКИ ПЛОЧКИ, како и ЗАШТИТА ЗА БЕТОН. Во сите овие полиња ќе пронајдете СИСТЕМСКИ РЕШЕНИЈА за обработка на дрво, метал и бетон, ќе ги пронајдете сите производи за заштита на дрво, метал и бетон како и нивно вградување, ќе пронајдете како да ги санирате оштетените бетонски површини...







Исто така ќе ги пронајдете и прочитате сите потребни работи за масите за хидроизолација и нивно вградување, лентите и манжетните за хидроизолација, како и лепилата за керамички плочки и секако масите за фугирање.

Покрај убавиот изглед на интернет страната проследена со фотографии во прекрасни и единствени бои, нудиме и лесен пристап до сé што би ве интересирало или ви е потребно, имено за секој производ има дадено предлог со што треба да се комбинира и со само еден клик на производот што ви го препорачувме, ќе стигнете на истиот за да се информирате дополнително за него. Со само еден клик, можете да ни поставите прашање и одговорот да го добиете во најбрз можен рок. Со само еден клик ќе не најдете каде се наоѓаме....
Уживајте во новостите кои ви ги нудиме.

# JUPOL Classic
## со вас веќе 45 години




**Обојте повеќе.**

JUPOL Classic со подобрена формула ви обезбедува подобар квалитет и покривност.

JUB



# *Проект*
# Зголемување на енергетска ефикасност

**Зголемување на енергетската ефикасност и употребата на обновливите извори на енергија во прекуграничниот регион.** Во рамки на проектот ИРЕКо во месец јули беа организирани 3 Отворени денови во три различни општини од Југозападниот плански регион на Република Македонија.




Отворените денови се дел од проектната актривност„Кампања за подигање на свеста на граѓаните за енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија", а беа реализирани во општините Струга, Дебар и Охрид. Целта на овие отворени денови беше преку непосредна средба со граѓаните да се укаже на можностите за намалена на потрошувачка на енергија во домот преку спроведување на мерките за енергетска ефикасност и постоечките технологии на пазарот за искористување на обновливите извори на енергија. Настаните се одржаа во градовите Струга на 08-ми јули, во Дебар на 24-ти јули и Охрид на 25-ти јули, а беа и медиумски покриени.

Во сите три градови настаните наидоа на голема заинтересираност кај граѓаните, особено последниот настан на кој покрај нашата групација JUB дополнително учествуваа и 3 реномирани компании од областите на Енергетската ефикасност и Обновливите извори на енергија, и тоа: Шешо инженеринг, Јове Охрид и Рехау.

Проектот „Зголемување на енергетска ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија во прекуграничниот регион" – ИРЕКо е финансиран од Европската Унија како дел од ИПА програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Албанија, а е имлементиран од страна на вкупно 4 организации од двете држави. Од Република Македонија за имплементацијата на проектот се задолжени следните организации Центар за енергетска ефикасност на Македонија (МАЦЕФ) – водечки проектен партнер и Центарот за развој на Југозападен плански регион со седиште во општина Струга –проектен партнер и од Република Албанија се организациите Албанија-ЕУ Центар за енергетска ефикасност – проектен партнер и Регионалниот совет на Корча - проектен партнер.




Благодарение на нашата соработка со Центар за енергетска ефикасност на Македонија (МАЦЕФ) бевме поканети од нивна страна да земеме учество на отворениот ден во Охрид, каде JUB како лидери во областа за енергетско изолациски фасади се претстави со добро познатите системи Jubizol и тоа;

- ✓ Jubizol Standard завршен слој JUB акрилен малтер
- ✓ Jubizol Confort завршен слој UNIXIL силоксанизиран акрилен малтер
- ✓ Jubizol Premium завршен слој NANOXIL самочистечки силиконски малтер

Ќе ги напоменеме и уште двата фасадни системи;

✓ Jubizol Nature кој се карактеризира со:
- o фасада од природни градежни материјали
- o висока пареопропусност
- o висока заштита од пожар, негорливост
- o добра звучна изолација.

✓ Jubizol Strong кој се карактеризира со:
- o висока отпорност на удар од град
- o одлична отпорност на фасадната површина при удар и перфорација
- o голем избор на нијанси вклучувајќи го и малтерот Unixil G cool
- o долготрајна отпорност од заразување со алги и мувла.





# JUB Академија

**Техничко - комерцијалната служба во ЈУБ Скопје и понатаму продолжи со изведба на стручни презентации на целокупната JUB-ова производна програма.**

Интересот за ваков тип на презентации, демонстрации, обуки, дообуки и сл. од страна на изведувачите,трговците, инвеститорите и сите лица од целата држава вклучени во завршните работи, ги поттикна да не посетат во нашите работни простории или да не повикаат за директно на лице место да добијат целосни стручни информации за се што е поврзано со изборот и вградувањето на нашите завршни материјали за градежништвото.
Затоа продолживме со теренските презентации со демонстрација насекаде во државата, главно во заедничка организација со трговците со нашите материјали каде е поставен и систем за компјутерско нијансирање.
Особено задоволство ни претставуваше големиот интерес за ваков тип на презентации од лица кои првпат присуствуваат на настани од ваков тип.
Како и повеќе пати претходно во просториите на Скопски саем (22.05.2014 - Бизнис сала) одржавме и посебна стручна техничка презентација за одредена целна група (градежни инженери, архитекти, инвеститори,...) на тема:

- Енергетска ефикасност, значењето на спроведувањето на мерки во целокупниот развој на државата.
- Топлотноизолацискиот систем како дел од решенијата за енергетска ефикасност на објектите.








Во стручниот дел од презентацијата за искуствата во своите земји на оваа актуелна тема свое излагање имаа и претставници на JUB од матичната и сестринските фирми во регионот.
За значењето на спроведувањето на мерки во целокупниот развој на нашата држава во полето на енергетската ефикасност, зборуваше и претставник од Центарот за енергетска ефикасност на Македонија (МАЦЕФ). На многу од поставените прашања од страна на присутните гости дадовме одговори уште во салата, а потоа дискусиите во една порелаксирана атмосфера продолжија и на коктелот организиран во холот. За секој присутен учесник обезбедивме и соодветен рекламен материјал.
Воедно, во организација и на покана на Центарот за енергетска ефикасност на Македонија (МАЦЕФ), а за своите слушатели на обуката за овластени енергетски контролори, одржавме и стручна презентација за нашиот топлотноизолациски систем Јубизол фасада со приказ на системот во сите фази од вградувањето. Секој од присутните по завршување на презентацијата доби и ЦД во кое практично е прикажано правилното вградување на нашиот фасаден систем.



Во организација на трговците кои веќе работат и оние кои во иднина планираат да ги користат Јубовите материјали, одржавме повеќе презентации низ државата и за друга целна група (молери, фасадери, керамичари,..), а како и секогаш освен теоретски материјалите задолжително ги демонстриравме и апликативно.

Во нашата апликативна работилница и понатаму продолжија бесплатните обуки за сите заинтересирани лица за нашите нови декоративни техники а и за сите нови материјали од производната програма.






И оваа како и претходната година, а на барање и со подршка на професорскиот кадар од средното градежно училиште “Здравко Цветковски” од Скопје, за учениците од повисоките стручни паралелки одржавме дводневна теоретска и практична обука за нашите материјали, а посебно за Jubizol фасадата во делот на правилното вградување во сите фази.

Заинтересираноста на голем дел од учениците токму од овие стручни паралелки во средното градежно училиште и нивната нескриена желба уште веднаш по завршувањето на средното образование да продолжат со практично вградување на еден ваков термофасаден систем, ни дава поттик и понатаму да продолжиме овој тип на презентации да ги изведуваме и за новите генерации ученици.




Доколку сметате дека вакви стручни презентации на нашата компанија се потребни и за Вас, за Вашата фирма и Вашите вработени, контактирајте не, а ние ќе Ви излеземе во пресрет.



## JUB Academy — Календар на одржани презентации

| ДАТУМ | ОРГАНИЗАТОР | ГРАД | ЦЕЛНА ГРУПА | ТЕМА |
|---|---|---|---|---|
| 17.01.2014 | Термофас ЛТД | Скопје | изведувачи | JUB-ов асортиман |
| 24.01.2014 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 27.01.2014 | JUB дооел /Дуга Дизајн | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 30.01.2014 | JUB дооел /ЗД Македонски Цвет | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 07.02.2014 | JUB дооел (ГУЦ-Скопје) | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 11.02.2014 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 12.02.2014 | Екотон Дизајн | Скопје | инвеститори | Внатрешна програма, декоратива |
| 14.02.2014 | JUBдооел/Алекс Колор | Скопје | комерцијалисти | JUB-ов асортиман |
| 17.02.2014 | JUB дооел/Дрво Пром | Скопје | изведувачи | JUB-ов асортиман |
| 18.02.2014 | ГУЦ Здравко Цветковски | Скопје | ученици | Внатрешна програма, декоратива |
| 19.02.2014 | ГУЦ Здравко Цветковски | Скопје | ученици | Jubizol фасада |
| 21.02.2014 | JUB дооел/Алекс Колор | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 26.02.2014 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 03.03.2014 | JUB дооел/Боби Прим | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 11.03.2014 | JUB дооел/Декор 96 | Велес | изведувачи | Внатрешна програма, декоратива |
| 14.03.2014 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Внатрешна програма, декоратива |
| 20.03.2014 | Демиго | Скопје | изведувачи | Внатрешна програма, декоратива |
| 26.03.2014 | JUB дооел/Гипс Градба | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 31.03.2014 | JUB дооел/Штрико Компани | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 08.04.2014 | МАЦЕФ | Скопје | архитекти/град.инженери | Jubizol фасада |
| 09.04.2014 | Хемитек | Прилеп | изведувачи | JUB-ов асортиман |
| 12.05.2014 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 22.05.2014 | JUB дооел | Скопје | архитекти/град.инженери | Енергетска ефикасност |
| 11.06.2014 | Хемитек | Прилеп | изведувачи | Керамика |
| 17.06.2014 | JUB дооел/Еско Бал | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 03.07.2014 | JUB дооел/Гика Конструкции | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 04.07.2014 | Екотон Дизајн | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 10.07.2014 | Иве Трејд | Радовиш | изведувачи | JUB-ов асортиман |
| 14.08.2014 | JUB дооел/Алекс Колор | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |



# *JUB боите го менуваат домот*

# Гламурот на златната боја

Уште од времињата на египетските фараони, кога го симболизирала сонцето и божествата, па сѐ до денес кога асоцира на драгоцениот метал и богатството кое го носи, златната боја била и останала симбол на луксуз, моќ и престиж.





Поради сето ова, таа често се поврзува со луксузни класични ентериери, но може одлично да се вклопи и во модерни простори.





Златната спаѓа во групата на топли бои. Слично како и жолтата, го осветлува просторот и во него внесува ведрина и оптимизам. Таа одлично се комбинира со бордо, темно сина, темно виолетова и црна боја. Исто така, кога станува збор за празничен амбиент, совршено се комбинира во декорации со зелената и црвената боја.

Сепак, при нејзината употреба треба да се биде внимателен и да не се претерува, односно да се примени правилото "златна средина".
Доколку не сте склони кон експериментирање, JUB ви ја предлага златната во комбинација со нашите декоративни техники кои ќе ги сретнете како (Dekor Glamour, Dekor Perla, Acrylcolor) или некоја нијанса од широката палета на јубовата тон карта.

Полутранспарентен Dekor Perla декоративен гел за заштита на внатрешни ѕидни површини.



Внатрешната боја JUB decor Glamour е покривна ѕидна боја со модерен декоративен металик изглед. Погодна е за бојадисување со JUB decor шаблоните, или за декоративна обработка и заштита на поголеми ѕидни внатрешни површини, при што препорачуваме употреба на "pettinato" техники.










# Тиркизна боја во домот

За многумина тиркизната боја е омилена боја и за неа ќе речат дека е боја која е невозможно да не ја сакате. Може да се види во многу нијанси, од бледо или небесно сина до сина со зелени тонови, што на нејзините љубители им остава широки можности за комбинирање и примена.



Светлата тиркизна боја или аквамаринот се одлични доколку сакате да додадете женственост и смирувачко чувство, додека потемните тонови му даваат префинетост на просторот. Светлата тиркизна боја може да се употреби во улогата на создавање на фокусна точка во просторот, поради својството да привлекува внимание.

Тиркизната како боја е одлична за комбинирање со други бои.













Тиркизна и зелена – овој микс најдобро се опишува со зборот свежина. За свеж изглед на вашата соба употребете ја оваа комбинација, а за зголемен ефект треба да се употреби светло зелена боја. Тиркизна и жолта – се добива двоен резултат, смирувачко чувство кое го носи со себе тиркизната и подигнувачки, енергетски ефект кој го создава жолтата боја. Оваа комбинација е одлична за детска соба. Тиркизна и портокалова – создава стилска и спортска атмосфера, исполнета со енергија и свежина. Исто така, исклучително е погодна за детска соба на момче. Тиркизна и розова – со комбинирање на тиркизна и светло розова ќе создадете женствена, мека атмосфера, додека со употреба на темно розова се постигнува ретро амбиент. Тиркизна и виолетова – за мирна, скоро неутрална соба употребете светли тонови на тиркизна и виолетова. За пожива атмосфера употребете посилни бои. Тиркизна и кафена – кафената како природна боја создава убав контраст во комбинација со тиркизната. Кафената дава традиционален изглед, а тиркизната ќе допринесе да се внесе модерна нота во просторот. Тиркизна и сива – особено добра комбинација за нагласување на деталите. Имено, тиркизна ламба или заглавие на кревет на сива позадина ќе изгледаат исклучително убаво. Тиркизна и бела – комбинација која допринесува за внесување на чувствителност на просторот и која ја поттикнува креативноста. Од друг агол, тиркизната боја од психолошки аспект ги контролира и лекува негативните емоциите, создава емоционален баланс и стабилност. Доколку сакате мирно, светло место исполнето со инспирација, употребете ја оваа боја.

## JUB препорака

Доколку сакаме нашите најмали - децата да имаат здрава просторија наједноставниот начин е да ги обоиме ѕидовите со Jupol Junior, а за тиркизна нијанса Jupol Junior BLUE (214)
Посетете ја нашата веб страна www.jupoljunior.si каде ќе најдете голема забава!
Jupol Junior - новите бои од фамилијата Jupol се наменети за нашите најмали-деца, како и за сите оние кои сакаат дасоздадат разиграно свежа или нежноромантична атмосфера во просторот.







Предности на боите Jupol Junior:
- не се штетни по здравјето;
- отпорни се на мокро триење;
- едноставни се за нанесување, бидејќи бојата е подготвена за непосредно нанесување;
- високопокривни, доволно е еднослојно нанесување;
- одбрани пастелни нијанси;
- прирачна амбалажа.



*JUB Приказна*

# Гипс Имобилиа Дизајн

**Гипс Имобилиа дизајн е основан пред две декади како претпријатије со семеен бизнис карактер и скромен буџет, но со силна желба да понуди нешто различно и квалитетно во областа на градежништвото.**



Од периодот на самото основање, успеавме да ги совладаме предизвиците и да одбележиме значителен раст и унапредување на нашето работење со самата примена на новите современи трендови во полето на градежништвото.





Гипс Имобилиа дизајн има две декади искуство, професионализам, постојана модернизација и е лидер меѓу бизнисите во областа на градежништвото. Доказ за успех се многубројните признанија и награди доделени од познатите европски брендови.Со цел обезбедување на највисоките стандарди и постојан квалитет, компанијата поседува сертификат за квалитет ISO 9001 - 2008 кој ја потврдува безбедноста, стабилноста и високиот професионализам во областа каде делуваме.

Денес, Гипс Имобилиа дизајн е една од компаниите во земјата која ужива висока доверба, истовремено е позната како експерт во спроведувањето на проекти во областа на градежништвото.
Компанијата располага со целосен капацитет на човечки и материјални ресурси за да се исполнат барањата на нашите клиенти во полето на градежништвото, особено во два клучни сегменти: ентериер и екстериер.
Во делот на материјалните ресурси располагаме со современа технологија и опрема користејќи материјали од највисок квалитет произведени од страна на големите европски брендови кои поседуваат најдобри каратеристики потврдени со сертификати за квалитет од страна на релевантните европски институции. како што се и производите од производната програма на JUB.
Во областа на човечките ресурси, со нашата компанија раководи стручен кадар, кој со успех ја менаџира работата на тимовите кои поседуваат работно искуство и сертификати за стручна подготвеност доделени од релевантни институции.

Нашиот основен принцип од кој произлегува мотивацијата е инспириран од мотото START THE PLAN FINISH THE PROJECT .





*JUB Инспирира*

# Уредување на мал стан

**За да имате убаво место за живеење, не е потребно само да се наоѓаме во главниот град Скопје, да ни работат мајстори од Скопје, итн. Во овој број на JUB Магазин, ќе ви претставиме еден убаво уреден мал стан со површина од 45 $m^2$.**



Најчесто поставувано прашање кај вака мал стан е како истиот да се уреди, да има доволно простор за живеење и дружење, но секако и за обавување на сите потребни работи во еден дом. Нашиот инвестотор Дарио Ристески од Прилеп, со помош на изведувачот Зоран Станкоски исто така од Прилеп, успеаа да ја постигнат целта во уредување на овој мал стан и истиот да биде повеќе финкционален од дневна соба со кујна и купатило, кои простории треба да служат и како место за дружење и спиење. Идејата за ваков вид на







уредување, потекнува од модерниот тренд на минималистички стил, кој се одликува со висока елеганција и топлина, совршени чисти линии во просторот и инспиративни детали кои се одлика на ваквиот стил на уредување, кој претставува комфорно место за живеење, кое е идеално место за луѓе кои сакаат мирен и компактен дом.

Изборот на нијанси му припаѓа на инвеститорот и истиот е комбиниран на поголемиот дел ѕидовите со нијанса JUB 4641, и на еден носечки столб надолжни линии од истата нијанса во комбинација со JUB 4650. Таванот на испакнатите делови е пребоен со нијанса JUB 4650, а вдлабнатите со нијанса JUB 4641, иако скоро сите архитекти се сложуваат со фактот дека на таваните треба да се стави бела или светла нијанса, поради визуелно зголемување на просторот, овој храбар инвеститор го докажува спротивното, со тоа што на спуштените делови од таванот кои се обоени со темна нијанса додава малечки светла кои го осветлуваат просторот. Секако овде голема улога игра и големото природно осветлување кое доаѓа од пространите прозори и вратата која пак води до пространата тераса.

За овие нијанси да изгледаат беспрекорно, како што е на фотографијата, изведувачот Зоран, правилно ги има вградено JUB – овите материјали и тоа најпрво површините се премачкани со Akril Emulzija , нанесена е Jubolin глет маса, повторно е премачкано со Akril Emulzija, за на крај да е пребоено со високоперива внатрешна боја Jupol Gold во горенаведените нијанси.

Дали е ова храброст или лудост, оценете сами.





*JUB - ови фасади*

# Референтни објекти во Македонија

Преглед на референтни објекти изработени во изминатиот период од 2014. И во овој број на ЈУБ магазин прикажуваме референтни објекти каде правилно се вградени наши фасадни материјали.



*Храм Св.Наум Охридски – населба Радишани, Скопје*
*Mark фасаден систем - MAZ 2.0mm нијанса (1001) бел*
*Изведувач: Секула Баткоски - Ревчани*





*Објект населба Црниче-Скопје*
*Jubizol standard – ATZ 2.0 нијанси: JUB1503, JUB1505 и JUB5560*
*Изведувач: Октоклис - Струга*



*Објект с. Галичани – Прилеп, систем - Jubizol standard ATZ 2.0mm нијанси JUB2292 и JUB1295*
*изведувач: Стојан Кочоски - Прилеп*





*Објект населба Чаир - Скопје*
*MAZ 2.0mm нијанси:JUB 1115 и JUB1133, ATG1.5mm нијанса JUB1132*
*Изведувач: Рики Бау - Скопје*



*Објект населба Ѓорче Петров – Скопје, систем - Jubizol standard*
*ATZ 2.0mm нијанса JUB1154, ATG 1.5mm нијанса JUB2161 и KPT 2.0mm нијанса 440*
*Изведувач: Наумче Бешлиески -Октиси*





*Објект Центар - Скопје*
*Mark фасаден систем - MAZ нијанси JUB1503, JUB1505 и JUB5582*
*Изведувач: Гама Инженеринг - Вевчани*

# *JUB Design studio*

# Виножито од бои

Покрај традиционалните бели ѕидни површини, сé повеќе има смели и модерни комбинации на нијанси, кои ги внесуваме во просториите за живеење и сé повеќе сме свесни за влијанието на боите врз расположението и чувствата. За вистински избор на нијансите за декорирање на ѕидните површини, на нашата интернет страна www.jub.eu Ви е на располагање апликацијата JUB design studio, која на секој корисник му помага да ја одбере вистинската комбинација од бои, за внатрешни, или надворешни ѕидни површини. Знаете каде да нé побарате за оваа услуга, а доколку не знаете тогаш пробајте на тел: 02/24 54 027, како и на е-маил: jub@jub.com.mk или едноставно може да не посетите на адреса: бул. Јане Сандански бр.79а-3, 1000 Скопје.

JUB д.о.о.е.л. - Скопје
бул. Јане Сандански бр.79 а-3
МК 1000 Скопје
Т: 00389 2 24 54 027
Ф: 00389 2 24 55 235 E:jub@jub.com.mk
Членка на групацијата JUB



www.jub.eu